Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
Бр. 08-1651/12
09.03.2017 год.
СКОПЈЕ

Комисијата за заштита од дискриминација, врз основ на член 25 член 28 т. 1 и 2 и член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник бр.50/2010 од 13.04.2010 год) по поднесениот писмен извештај од Агенцијата за аудио и аудио визуелни услуги заведено под број 0801-1651/1 од 09.03.2016 година на 24.02.2017 година под број 0801-1651/11 го донесе следното:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 14-03-2017
03 /291 1

## МИСЛЕЊЕ

**Не се утврдува дискриминација затоа што врз основа на постоечките матерјали не може со сигурност да се постапи по предметот. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги не постапи според наводите во писмото заведено под број 08-1651/11 од 17.10.2016 година испратено од Комисијата, врз основа на член 25 став 1. Комисијата од писмениот материјал кој е поднесен од страна на Агенцијата, поради непостапување по наводите во писмото, не може со сигурност да утврди, во чие име се поднесува материјалот и дали тоа лице или лица се согласуваат со водење на постапката, исто така, не беше променет основот, од член 3 бидејќи основот не е прецизирана во материјалот ниту пак осбласта од член 4 од Законот. По однос на наводите во тој материјал немаше одговор за „Говорот на омраза„ и „Криминал од омраза„ како и за граѓанските деликти против честа и угледот односно клевета и навреда, по кои Комисијата не е надлежна да одлучува.**

**Со оглед дека помина повеќе од една година одкако се случил настанот на Канал 5 телевизија односно од 19.02.2016 престанува основот за водење на постапката, поради непостапување во согласност со Законот утврден во Член 25 точка 5 од Законот.**

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за заштита од дискриминација беше испратена информација и писмен извештај од Агенцијата за аудио и аудио визуелни услуги со бр.03-1307/1 од 08.03.2016 година, кој се однесуваше на емисијата "Миленко Неделковски Шоу", емитувана на 15, 22 и 29 Јануари и 5, 12, 19 Февруари 2016 година.

Комисијата во рамките на своите овластувања постапи во согласност со законските одредби. Материјалот беше испратен на спротивната страна да се произнесе врз основа на член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. По добивање на одговорот до Агенцијата беше испратено писмо со кое се објаснува како се постапува врз основа на законот, поточно член 25 став 1 во кој пишува дека, лицето кое смета дека претрпело дискриминација поднесува претставка до Комисијата, писмено или усно на записник, без обврска за плаќање на такса и друг надоместок. Со оглед дека немаше поднесено претставка Комисијата во писмото го објасни начинот на поднесување, а од одредбата произлегива дека  таа претставка треба да биде од лицето кое претрпело дискриминација или евентуално тоа лице да дало полномоштво за поднесување, што не беше направено. Во член 5 точка 10 од законот е објаснет тој легитимен интерес на лицето според кој тоа претставува оправдување за интересот и активното вклучување на одредено лице во преземањето конкретни активности, заради своја сопствена засегнатост од последиците на тие активности, заради поширок однапред пројавен интерес за одредени општествени случувања, односно заради предвидено овластување со закон за занимавање со определени активности.

Поради непостапување во согласност со наводите во писмото со кое Комисијата во согласност со законот му објаснува на подносителот на материјалот, кои околности се важни за поведување на постапка, Агенцијата го нема

Република Македонија

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА
ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. Кеј Димитар Влахов бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје
тел. +389 (0)2 3232-242; e-mail: contact@kzd.mk

прецизирано ни основот од член 3 од законот, каде што се предвидени повеќе од дваесет основи за заштита од дискриминација, ниту областа од членот 4 од истиот закон според кој се утврдува дискриминаторот.

Неподнесувајќи претставка во согласност со законот, Комисијата не постапила ни по наводите во писмото зошто поголемиот текст од материјалот се однесува за „Говор на омраза„ и „Криминал од омраза„ како и за граѓанските деликти на честа и угледот, навреда и клевета, по кои Комисијата нема надлежност да постапува.

Од тие причини Комисијата донесе мислење да се запре постапката, поради немање на законски основ за дискриминација во согласност со законот.

Претседател,
Александар Даштевски

Доставено до:

Агенцијата за аудио и аудио визуелни услуги